НУ Завод и Музеј
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

'09
Бит Фест

Koninkrijk
der Nederlanden

# ПРЕПОЗНАВАЊА

## слики и графики

Трајковски Гоце, млад ликовен уметник кој целосно се посветил на уметничкиот предизвик, во предизвикот да ги пробуди сопствените возвишени чувства, создава интересни уметнички креации. Делата откриваат комплексен и сестран креатор за кој сликарството и графичкото творештво имаат подеднакво значење.

Во фокусот на неговиот интерес е човекот со целата своја духовна состојба која ја преполовува свеста, создавајќи слика блиска на внатрешните немири, пориви, песимистички летаргии или меланхолични расположенија. Човекот, заробеник на суровата реалност , растргнат помеѓу сонот , желбите, идеалите од една страна и секојдневието на динамичниот современ свет од друга страна, најдобро е претставен во композициите со преминот, влезот, тишината или левитацијата. Сферата на интерес околу одредувањето на мотивот има широк дијапазон: од зачетокот во утробата, преку судирот на стремежи до маченичката меланхолија пред чинот на распетието.

Преку изборот на мотивите авторот ги трансформира личните исповеди и создава ликовен дневник на своите доживувања. Низ специфичен ликовен ракопис тој оформува комбинација од субјективно, емотивно и рационално изразување. Неговата робусна, фрагментарна фигура е динамична, реална, оптеретена со грчевити движења, сместена во апстрактен простор во кој се претопува до непрепознатливост и асоцијативност. Во ликовниот израз авторот прави комбинација на топли и ладни партии, на јаки линеарни решенија и нежни плохи кои се доближуваат до поетичност. Токму во тој судир на контрасти се оформува индивидуалниот ракопис на авторот кој во бојата, текстурата, линеарните прикази во креирањето на обликот или просторот, го изразува својот слободен избор, независно од законите на природата.

Кога би се правела паралела помеѓу сликарските и графички решенија, тешко ќе може да се издиференцира приоритет кон некоја ликовна дисциплина. Авторот посветува подеднакво внимание на двете технички изведби: суптилност во колористичките судири, ненагласени линеарни судири, контрасти на топли и ладни тонови, и чистина на светло-темни отисоци.

Емотивното навраќање кон сликарските решенија на портретите, претставува само една фаза во процесот на интерпретација на секојдневната и носталгична реалност.

Изложбата на Трајковски Гоце со апстрактно-асоцијативниот ликовен ракопис, не води во светот на чувствата, ни поставува голем број прашања, и ни нуди ликовни решенија на повеќе филозофски размислувања.

Лиљана Христова



"Портрет на мајка ми"
масло на платно



“Велосипедист”
етканица, акватинта



"Распната фигура"
масло на платно



"Меланхолија"
етканица, акватинта



“Заплет”
естканица, акватинта

Трајковски Гоце е роден 18.10.1982 г. во Битола, Р.Македонија. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на отсекот графика, насоки: графички дизајн и реставрација и конзервација. Моментално е на постдипломски студии на Академијата за ликовни уметности во Љубљана, Р.Словенија.

Самостојни изложби:

-2008,Љубљана (Словенија) - Галерија Геоплин
Полхов Градец (Словенија) - Грашчина Полхов Градец
-2007,Љубљана (Словенија) - Галерија КОЖ
Крањ (Словенија) - Галерија Пунгерт
Љубљана (Словенија) - Књижница ЈожетаМазовца
-2006,Љубљана (Словенија) - Стеклени атриј -Местна хиша
-2001, Евора (Португалија) - Галерија Теоартис

Групни изложби:

-2008, Битола (Македонија), Балкански графички паралели
Сплит( Хрватска),Мегународно биенале на сликари и вајари
Пиран (Словенија), XLIII Пирански Екс-темпоре
-2007,Љубљана(Словенија), XXVII Љубљански Екс-темпоре
Пиран(Словенија), XLII Пирански Екс-темпоре
Ужице (Србија), VIII Меднародно графично биенале, суха игла
-2006, Каиро (Египет), 5.Мегународно графичко триенале
Битола (Македонија), 5.Мегународно графичко триенале
Тетово (Македонија), 3.Меднародно биенале во мала графика
-2005, Варна (Бугарија), 13.Мегународно биенале за графика
Скопје(Македонија), ВИ Студентско интернационално арт биенале
Ужице(Србија и Црна Гора),VII Мегународно графичко биенале, сува игла
-2004, Велес (Македонија), ИИ Мегународно биенале во мала графика
Евора (Португалија), 4. Интернационално биенале за графика
-2003, Тетово (Македонија), 2.Мегународно биенале во мала графика
Битола (Македонија), 4.Мегународно графичко триенале
-2001, Литохоро (Грција), БалканскиМладински Фестивал

Награди и признанија:

-2007,Љубљана(Словенија), Признание на XXVII Љубљански Екс-темпоре
-2005, Скопје (Македонија), Награда од ФЛУ-Скопје за најдобар постигнат успех на отсекот графика
-2004, Скопје (Македонија), Награда за графика - Фондација Драгутин Аврамовски-Гуте

Изложбата е финансирана од Министерство за култура на Р. Македонија
Издавач: НУ Завод и Музеј - Битола
МАГАЗА - Битола, 4 Јули 2009